*КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

# *И З В Е Ш Т А Ј*

**ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2009-31.12.2009 ГОДИНА**

*СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2010 ГОД*

*КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

# *С О Б Р А Н И Е*

## НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
## 20.02.2010 ГОДИНА

*СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2010 ГОД*

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД......1**
**2. СОБРАНИЕ......3**
2.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ......3
2.2. ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ ......3
2.3. ТЕМАТСКА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА КФМ......3
**3. МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА......5**
3.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ И ЈУНИОРИ......5
3.2. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ, ......7
3.3. СВЕТСКО УНИВЕРЗИТЕТСКО ПРВЕНСТВО ......8
3.4. СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ; ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА......8
3.5. БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ПОМЛАДИ КАДЕТИ, КАДЕТИ, ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА......9
**4. ДРЖАВНИ ПРОГРАМА......12**
4.1. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ......12
4.2. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА ПОМЛАДИ КАДЕТИ; КАДЕТИ; ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА ......14
4.3. КАРАТЕ ПРВЕНСТВО ЗА ДЕЦА......17
4.4. ИЗБОРНИ ПРВЕНСТВА......21
4.5. ДРЖАВНО УЧИЛИШНО ПРВЕНСТВО ВО КАРАТЕ ЗА 2009 г......39
4.6. МАКЕДОНСКА КАРАТЕ ЛИГА СЕНИОРИ......41
**5. КАРАТЕ КАМП......43**
5.1. СВЕТСКИ КАРАТЕ КАМП......43
5.2. ЛЕТЕН КАРАТЕ КАМП......43
**6. СУДИСКИ И ТРЕНЕРСКИ АКТИВНОСТИ......45**
6.1. СУДИСКИ АКТИВНОСТИ......45
6.2. ТРЕНЕРСКИ АКТИВНОСТИ......46
**7. НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ......49**
7.1. ДОДЕЛЕНИ СТИПЕНДИИ ЗА ОСВОЈУВАЧИТЕ НА МЕДАЛИ И СТРУЧНИОТ ТИМ ......49
7.2. КФМ ГИ ДОБИ ПРВИТЕ 30 СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ......49
7.3. НА "СПОРТСКИ ОСКАР" КАРАТИСТИТЕ СО НАЈМНОГУ НОМИНАЦИИ ОД ПОЕДИНЕЧНИТЕ СПОРТОВИ ......49
7.4. ИЗБРАНИ НАЈУСПЕШНИТЕ КАРАТИСТИ ЗА 2009 ГОДИНА ......49
**8. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА......51**
8.1. ИЗВРШЕН ОДБОР НА КФМ......51

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2009-31.12.2009 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работата на Карате федерацијата на Македонија за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година претставува сумарен преглед за планираните и програмираните активности на Федерацијата и истиот произлегува од поединечните документи, кои за секоја реализирана активност се разгледувани и усвојувани од Извршниот одбор на КФМ.

Карате федерацијата на Македонија во извештајниот период ги реализираше сите активности предвидени во Календарот на КФМ.

Покрај планираните активности во натпреварувачкиот дел, за подобрување на состојбата во судиската организација беа организирани судиски семинари кои придонесоа за организирана едукација на судиите и нивно лиценцирање, според објективизирани критериуми.

Се реализираше предвидената Програма за едукација и усовршување на тренери (Карате академија), од страна на афирмирани професори и каратисти под раководство на Проф. Д-р. Александар Туфекчиевски.

Каратистите на Македонија, во овој извештаен период постигнаа забележителни резултати на меѓународни првенства, особено за одбележување се резултатите постигнати на:

- Европското првенство за кадети и јуниори, одржано во Париз, Франција (30.01.-01.02.2009 год), Берат Јакупи во кумите, категорија +75кг го освои златниот медал.
- Европското првенство за сениори, одржано во Загреб, Хрватска (08-10.05 2009 година) Наташа Илиевска освои сребрен медал во кумите, во категоријата -53кг.
- Европско првенство за региони, одржано во Мадрид-Шпанија (29-30.05.2009 година). Кумите тимот во состав Огнен Груевски, Иво Цветковски, Жарко Арсовски, Томе Тодоровски, Мартин Несторовски освоија бронзен медал во кумите екипно.
- Европско универзитетско првенство, одржано во Кордоба-Шпанија (16-19.07.2009 година). Со златни медали се закитија: кумите тимот во состав Томе Тодоровски, Иво Цветковски, Богдан Мицов, Амир Беговиќ, Огнен Груевски, Мартин Несторовски и Жарко Арсовски, Наташа Илиевска во категоријата -55 кг. и Жарко Арсовски во категоријата кумите +84 кг. Бронзени медали освоија Мартин Несторовски во категоријата +84 кг. и Амир Беговиќ во категоријата кумите -84 кг.
- Балканското првенство за помлади кадети, кадети, јуниори и јуниори до 21 година се одржа во Балекешир, Турција (15-18.10.2009 година), каратистите освоија 20 медаљи и тоа: златни медали: Помлади кадети: Никола

Димитриевиќ -47г., Мартин Ристовски -57кг. и Игор Таневски -63кг., Јуниори: Емил Павлов -55кг., Берат Јакупи -76кг. и Горан Василевски +76кг. Сребрени медали освоија:помлади кадети: Кристијан Вучковски -47кг. и Екрем Хајдари -52кг., кадети: Бојан Јовановски -63кг.,јуниори: Ката тим машки во состав: Јордан Неделков, Огнен Поповски и Никола Иловски.Бронзени медали освоија:

- помлади кадети: Орбин Динарица -52кг. и Емануел Ристевски -63 кг., кадети: Филип Ѓурчиновски -63кг., Мартин Петрески -70кг. и Сара Радичевска -47кг.,јуниори: Елена Трајковска-кати и Мартин Томовски -76кг., Јуниори до 21 година: Дејан Ристевски -68кг., Наташа Стефановска -60кг и ката тим женски во состав: Тијана Колеска, Пуликсенија Јовановска и Марија Матракоска.
- Од Агенцијата за млади и спорт доделена е нова стипендија на Наташа Илиевска и еднократна награда на нејзиниот тренер и селектор Бошко Заборски.
- Агенцијата за млади и спорт додели 30 стипендии на млади надежи во карате спортот.
- На ,,Спортскиот Оскар” каратистите имаа 5 номинации од кои во три беа прогласени за најуспешни: Наташа Илиевска најуспешна сениорка во 2009, Берат Јакупи најуспешен млад спортист во 2009 година и најуспешна Универзитетска екипа.

Подетални информации за реализираните активности се дадени во соодветните наслови на овој извештај.

# 2. СОБРАНИЕ

## 2.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ

Годишното Собрание на Карате Федерацијата на Македонија (КФМ) се одржа во салата на домот на хуманитарните организации Даре Џамбаз во Скопје на 21. 02.2009 година. Општа оценка е дека мина во фер и коректна атмосфера, а сите дискусии во основа беа конструктивни, со што се потврдија заложбите на раководството на Федерацијата, на чело со претседателот Драги Стојановски..

Прифатен беше извештајот за работата во изминатата 2008 година, во поглед на резлизираните активности и остварените резултати, а беше усвоена и програмата за 2009 година. Меѓу позначајните новини е новиот статут на КФМ, дисциплинскиот правилник и правилникот за организациија на натпревари.

Позитивната атмосфера која владее во последната година придонесе за зголемување на бројот на клубови во федерацијата, така што на Собранието се примени уште 5 нови клубови, и тоа : КК”Гладијатор “ од Велес, КК “ Бонсаи “ од Прилеп, КК “ Гив “ од Скопје, КК “ Лукас “ од Прилеп, и КК “ Скардуси “ од Тетово.

Во насока на унапредување на стручен план на сите македонски тренери, најавено е дека во наредниот период ќе стартува Карате Академија, каде што покрај актуелните тренери, со нови знаења ќе можат да се вклучат и оние од помладите генерации.

Записникот од годишното собрание е даден во прилог.

## 2.2. ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ

**Велес, 06.06.2009 година**

На вонредната конференција на КФМ во Велес, присуствуваа 49 од вкупно 62 клубови со право на глас. Делегатите се изјаснија за промени во Управниот Одбор на федерацијата. Така, Собранието ги разреши досегашните членови, Томе Чемерски, Мирослав Вујиќ и Џавид Мехмети, а на нивно место се избрани Александар Туфекчиевски, Алим Хајдерини и Ѓоре Дервишев.

Записникот од вонредното собрание е даден во прилог.

## 2.3. ТЕМАТСКА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА КФМ

**Скопје, 31.10.2009 година**

На седницата на Собранието од вкупно 65 членки со право на глас, присуствуваа делегати од 47 клубови. Делегатите на Собранието по разгледување на материјалите од точките донесоа едногласни одлуки за нивно усвојување.

Главна поента на Собранието беше тематската расправа по материјалите (изготвени од м-р Назим Куртовиќ и Златко Димоски, кои беа претходно доставени), а кои се однесуваа на утврдување критериуми за избор на репрезентативци во карате спортот. Во опсежната дискусија, во која учествуваа повеќе дискутанти, едногласно, беше подржана потребата за утврдување критериуми за избор на репрезентативец во рамки на Федерацијата, со што би се објективизирал изборот на репрезентативци, кој би се темел врз основа на постигнати резултати на спортистот, а не врз основа на субјективни критериуми.

Собранието донесе едногласен заклучок дека материјалите доставени за расправа начелно се прифаќаат. Во рок од 10 дена од страна на клубовите, членки на КФМ, да се достават соодветни предлози, кои би ги разгледале изготвувачите на материјалите и би ги вклучиле во конечната верзија.

По спроведената процедура Извршниот одбор ќе донесе правилник за утврдување на критериуми за избор на репрезентативец.

Собранието едногласно го прифати предлогот на Извршниот одбор за прием на нови клубови и ги прими следните клубови: КК Сенсеи те-Кубо-Велес, КК Бучим Феникс-Радовиш, КК Ипон-Кочани и КК Олимпик спорт 2007-Скопје.

Записникот од тематската седница е даден во прилог.

# 3. МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА

## 3.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ И ЈУНИОРИ

**Париз, Франција 30.01.-01.02.2009 год.**



Кадетскиот репрезентативец Берат Јакупи стана Европоски шампион во категорија +75 кг. на Е П за кадети и јуниори, кое се одржа во Париз од 30.01.-01.02.2009 год. Тоа е еден од најголемите успеси на македонското карате во историјата на официјалните првенства, кога се работи за помладите категории. Забележителни настапи имаа уште пет наши каратисти, Бојан Јовановски, Теодора Бошковска, Ристе Додевски , Вања Груевски и Никола Риљак кои го освоија 5 -то место во своите категории.

**Резултати:**

**Кадети:**

1. Симона Заборска -47 кг. (вкупно 24 натпреварувачи), во прво коло се натпреварува со Фолдеслова од Словачка пораз со 3:1. Репасаж со Клепич од Босна и повторен пораз со 2:0.

2. Теодора Бошковска -54 кг, (вкупно 30 натпреварувачи), прво коло пораз од Радојчич од Црна Гора со резутат 2:1, а потоа во репасаж победа над Петрова од Латвија со 2:1, победа со Шанкова од Словачка 3:1, и во борбата за трето место пораз од Бертонцелј од Словенија со 1:0.

3. Рејхан Идризи +54 кг., (вкупно 28 натпреварувачи), пораз во прво коло од Заилсева од Русија.

4. Ристе Додевски -52 кг. (вкупно 35 натпреварувачи),пораз во прво коло 8:0, од Кресцензо од Италија. Во репасаж победа над Тмусиќ, Србија со 3:0, победа над Карачан, Турција и во борбата за трето место пораз од Кели, Шкотска, при ист број на поени одлучија судиите.

5. Николче Мирчевски -57 кг., (вкупно 30 натпреварувачи),пораз прво коло со Јурка од Унгарија со 8:0.

6. Бојан Јовановски - 63 кг., (вкупно 31 натпреварувачи),прво коло победа со Мејхан од Ирска 6:2, а потоа победа над Менус, Словачка со 4:0, победа над Маркач, Словенија. Пораз од Гарин, Франција со 5:1. Во репасажната борба пораз од Варсев, Русија со 3:1.

7. Мартин Петрески -70 кг., (вкупно 29 натпреварувачи),победа во прво коло од Рамирез, Андора со 6:0, потоа пораз од Босна со 5:4.

8. Берат Јакупи +70 кг., (вкупно 23 натпреварувачи),победа во прво коло над Киселица од Босна7:1, второ коло победа над Адович, Црна Гора 6:1, трето коло победа над Арагвуен, Шпанија 7:0. Влез во финале.

9. Елена Трајковска кати, (вкупно 28 натпреварувачи),победа во прво коло со преставничката од Холандија. Пораз во второ коло од репрезентативката на Франција.

10. Марија Јованова +59 кг., (вкупно 26 натпреварувачи),пораз од прво коло со Новакова од Чешка со резултат 5:1.

11. Саше Ефремов -55 кг., (вкупно 26 натпреварувачи),победа во прво коло со Ковалчук од Украина со 2:0, второ коло победа над Добротка од Словачка со 1:0, трето коло пораз од Русија на изгласување на судиите..

12. Никола Риљак - 61 кг., (вкупно 32 натпреварувачи),победа во прво коло со Пантели од Кипар со 4:1, второ коло пораз од Русија со резултат 2:0, прво коло репасажна борба победа над Црна Гора со 5:3, второ коло победа над Шпанија со 1:0 и трето коло пораз од Србија со 3:2, со што го освои петтото место.

13. Тодор Ристески -68 кг., (вкупно 37 натпреварувачи), победа во прво коло над репрезентативецот од Хрватска 2:1, второ коло пораз од Белгија на изјаснување.

14. Мартин Томовски -76 кг., (вкупно 33 натпреварувачи), пораз во прво коло од Росандич од Црна Гора со резултат 2:1.

15. Александар Јаневски +76 кг., (вкупно 30 натпреварувачи), пораз во прво коло од Лучич од Црна Гора со 6:2. Во репасажната борба победа над Чешка со 9:1 и второ коло репасаж пораз од Франција со резултат 0:8 со што се пласира на седмото место.

16. Зорица Спиркоска кати, (вкупно 27 натпреварувачи),пораз во прво коло од репрезентативката од Франција со резултат 4:1. Во репасажната борба пораз од преставничката на Црна Гора со резултат 3:2.

17. Александар Вујиќ кати, (вкупно 33 натпреварувачи), пораз во прво коло од репрезентативецот од Шведска со резултат 3:2.

18. Мери Радичевска -53 кг., (вкупно 16 натпреварувачи),пораз во прво коло 0д Буркит од Англија со резултат 8:0.

19. Велерда Селими -60 кг., (вкупно 19 натпреварувачи), пораз во прво коло од Лангосова од Словачка, со 5:0.

20. Стефан Андов -68 кг., (вкупно 33 натпреварувачи),победа во прво коло над Лапалаине од Финска со 2:0, второ коло пораз од репрезентативецот на Азербејџан од 3:0.

21. Вања Груевски -78 кг., (вкупно 28 натпреварувачи), победа во прво коло над Сејлер од Швајцарија со 2:1, второ коло подеда над Ширинов од Азербејџан со резултат 2:0, трето коло победа над преставникот од Естонија со 6:0, четврто коло пораз од репрезентативецот на Хрватска со 2:0 и во репасажната борба пораз од репрезентативецот на Турција, со што Вања Груевски го освои петтото место.

22. Мартин Несторовски +78 кг., (вкупно 24 натпреварувачи), пораз во прво коло од Кембел од Англија со резултат 7:2.

Крајниот исход на кадетско јуниорската репрезентација на оваа Европското првенство е еден златен медал и 5 петти места.

Тимовите на кадетско јуниорската репрезентација ги предводеа: селекторите Кирче Патраклиев, Петар Белистојановски, Мирче Опелоски и нивните помошници: Арлинд Хусеини, Жарко Ангеловски, Горан Алексовски и Ѓорѓи Дурдубаков.

Покрај селекторите со екипата патуваа Бесник Мурати, член на ИО, лекарот на репрезентација Ѓоре Дервишов и нашиот светски судија Златко Димоски.

## 3.2. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ,

**Загреб, Хрватска 8-10 мај, 2009 година**



Македонската репрезентативка Наташа Илиевска го освои сребрениот медал на 44 Европско првенство во карате, што се одржа од 8-10.05.2009 година во Загреб. Тоа е еден од најголемите успеси на македонското карате воопшто. Во категорија -55 кг. Илиевска на патот до финалето ги совлада претставничките на Полска, Австрија, Германија и на Романија, а во борба за златниот медал беше поразена од домашната натпреварувачка. До сребрениот медал Наташа Илиевска победи 4 кола:
1. коло : Илиевска –Симчак (Полска ) 5 :1
2. коло : Илиевска –Андрл (Австрија) 5 :1 (по прегласување на судиите), во регуларен тек и по продолжение 1 :1
3. коло : Илиевска –Оукл (Германија) 3 :2
4. коло : Илиевска –Санду (Романија) 4 :3
Финале : Илиевска –Ковачевиќ (Хрватска) Со среброто на Наташа Илиевска, Македонија ги продолжува континуитетот на освојување на трофеи од Европските првенства.

Другите наши натпреварувачи немаа ни приближен успех, и освен Секуловски и Груевски, кои стигнаа до второто коло, сите ги завршија настапите уште во првото коло. На 44 Европското првенство во карате, кое е најголем настан во овој спорт во тековната година, учествуваа околу 800 натпреварувачи од 44 земји. Резултатите на нашите останати репрезентативци се:

**Ката поединечно(м):** Марко Секуловски 1.коло: Секуловски – Мати (Шведска) 4:1 2.коло: Секуловски – Мотгам (Англија) 0 :5.

**Кати поединечно (ж):** Зорица Спиркоска 1.коло: Спиркоска – Санер (Швајцарија) 0 :5.

**Борби поединечно(м):** Томче Тодоровски(-60кг.) 1.коло: Тодоровски – Хелман (Германија) 3 :4; Иво Цветковски (-67кг.) 1.коло : Цветковски – Лучиќ (Хрватска) 0 :2; Ферат Корбулиќи (-75кг.) 1.коло: Корбулиќи – Маринов (Бугарија)

Огнен Груевски(-84кг) 1.коло: Груевски – Амаџекај (Шведска) 3:1, 2. коло: Груевски – Атајев (Азербејџан) 1 :3; Жарко Арсовски (+84кг.) 1.коло: Арсовски – Маргаритопулос (Грција) 1 :6.

**Борби поединечно (ж)**: Мери Ефремова (-50кг.) 1. коло: Ефремова –Лихаротова (Чешка ) 0 :3; Наташа Стефановска (-60кг.) 1.коло: Стефановска –Ниту (Романија) 0 :4.

**Кати екипно (м)** 1. коло : Македонија –Италија 0 :5

**Кати екипно (ж)** 1. коло : Македонија –Србија 1 :4

**Борби екипно (м)** 1. коло : Македонија –Шпанија 1 :3

**Борби екипно (ж)** 1. коло : Македонија –Украина 1 :2

## 3.3. СВЕТСКО УНИВЕРЗИТЕТСКО ПРВЕНСТВО

**Кордоба, Шпанија, 16-19 јули 2009 година**

Универзитетските карате репрезентации на Свети "Кирил и Методиј" од Скопје и "Гоце Делчев" од Штип во организација на Карате Федерацијата на Македонија (КФМ) учествуваа на 4-от Европски Универзитетски Карате Шампионат кој се одржа од 16-19.07.2009 година во Кордоба Шпанија. Финансиските трошоци за оваа активност подеднакво (по една третина) ги покрија КФМ, КК Металург и КК Макпетрол.

Репрезентациите ги сочинуваа следните членови на КФМ: Мирче Јанушевски-Водач воедно Помошник селектор, Бошко Заборски- Селектор кумите, Боби Војдиновски-Меѓународен судија, Игор Филевски- Новинар, натпреварувачите: Томе Тодоровски-кумите -67кг, Иво Цветковски- кумите -75кг, Богдан Мицов- кумите -75кг, Амир Беговиќ-кумите -84кг., Огнен Груевски- кумите -84кг., Мартин Несторовски- кумите +84кг., Жарко Арсовски- кумите +84кг., Мери Радичевска- кумите -50кг., Наташа Илиевска- кумите -55кг., Наташа Стефановска- кумите -61кг., Сања Николиќ-кати поединечно и Марко Секуловски-кати поединечно.

Резултати:

Со златни медали се закитија: кумите тимот во состав Томе Тодоровски, Иво Цветковски, Богдан Мицов, Амир Беговиќ, Огнен Груевски, Мартин Несторовски и Жарко Арсовски, Наташа Илиевска во категоријата -55 кг. и Жарко Арсовски во категоријата кумите +84 кг.

Бронзени медали освоија Мартин Несторовски во категоријата +84 кг. и Амир Беговиќ во категоријата кумите -84 кг.

## 3.4. СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ; ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА

**Рабат, Мароко, 13-16 ноември 2009 година**

Шестото Светското Првенство за кадети-јуниори и првиот Светски Куп за U -21 год се одржа од 12 до 15 .11.2009 год во Рабат (Мароко) Македонија на Светското Првенство ја преставуваа 13 репрезентативци во борби од кои 5 кадети,5 јуниори и 3 U -21.

На Светското Првенство учествуваа 82 држави и 1144 натпреварувачи.

Резултати:

Дејан Ристески (Металург) во категорија U-21год (-68 кг). Во првото коло победа од 1:0 над репрезентативецот на УАЕ, а во второ коло минимален пораз од 0:1 од Сенегал.

Во категорија U-21год (-78 кг) настапи Стефан Андов (Македонка Штип), во првото коло победа на изгласување (во регуларниот дел борбата заврши 3:3) против ЈАР, во второ коло пораз од 0:7 од Сахин (Турција), а во репасажната борба пораз од Германија со 0:3.

Во категорија U-21год (+78 кг) настапи Мартин Несторовски (Металург), во прво коло убедлива победа од 3:0 над Словенија, второ коло победа од 2:1 над Словачка,трето коло победа од 1:0 над Шпанија и во четвртфинале одлучувачкиот меч за медал против Гриневич (Белорусија) заврши нерешено и на изгласување повторно нерешено 2:2 но главниот судија предност му даде на Белорускиот репрезентативец.Главен судија на овој меч беше Дојчиновиќ (БИХ) кој не досуди поен за Несторовски на 5 секунди до крај а му беше сугериран од помошниците и на изгласувањето повлече за Белорусот.

Во категорија -55 кг настапи Емил Павлов (Штип), во прво коло беше слободен, а во второ коло изгуби на изгласување 4:0 (во регуларен дел борбата заврши 0:0) од репрезентативецот на Русија.

Во категорија -61 кг настапи Тодор Ристески (Спорт 94),во прво коло победа над Хонг-Конг со 3:0,второ коло победа над Кина со 8:0 за во трето коло налета на домашниот репрезентативец со кого во регуларен дел борбата заврши 1:1 (досуден сумлив поен за

Мароканецот), а во продолжение пораз од 0:2. Мароканскиот репрезентативец изгуби во полуфинале и не го повлече Ристески во борба за медал.

Во категорија -68 кг настапи Дејан Црничиќ (Цветан Димов) кој во прво коло изгуби од Казагстан со 0:1.

Во категорија -76 кг настапи Европскиот Првак Берат Јакупи (Фати) кој изгуби во прво коло на продолжение со 0:1 од Грција.

Во категорија +76 кг настапи Горан Василевски (Металург) кој во прво коло со 2:1на продолжение го победи Европскиот Првак од Париз Дозхук(Украина),а во второ коло пораз од Шпанија 4:7.

Во категорија -57 кг кадети настапи Николче Мирчески (Спорт 94) во прво коло беше слободен,во второ коло со 3:1 победа над Австрија и во трето коло 0:0 на продолжение пораз од 0:4 од Карацан (Турција) кој во полуфинале изгуби во последна секунда поради казна и не го повлече Мирчески во репасаж.

Во категорија -47 кг кадетки настапи Симона Заборска (Макпетрол) која стартуваше со убедлива победа од 5:1 над Казакстан за во второ коло да изгуби од Украина со 1:6.

Во категорија -54 кг кадетки настапи Теодора Бошкоска (Спорт 94) ,во прво коло изгуби од натпреварувачка од Венецуела Кампос со 0:3 ,на резултат 0:0 на две знамина за Бошкоска главниот судија кој беше од Бразил повлече за Венецуела.

Во категорија -63 кг кадети настапи Бојан Јовановски (Металург),во прво коло слободен и пораз на продолжениje во второ коло против Црна Гора 1:3 со казна во последна секунда.

Нашиот најдобар резултат на ова Светско Првенство е петтото место на Мартин Петрески (Спорт 94) во кадети -70 кг.Во прво коло победа над ЈАР со 3:2,второ коло Србија 7:2,трето коло на изгласување од 3:1 против Америка и во полуфинале пораз на продолжение од 0:1 од Балзан (Франција),во борба за трето место долго време водеше со 1:0 но му изедначи домашниот репрезентативец и на изгласување заслужено изгуби со 0:4.

На првенството во категоријата кати единствената предложена од селекторот Мирче Опелоски, Елена Трајкоска не замина на Светското првенство поради болест.

## 3.5. БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ПОМЛАДИ КАДЕТИ, КАДЕТИ, ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА

**Баликешир, Турција, 15-18 октомври 2009 година**



Во Турција од 12 до 14.10 2009 години се одржа Балканското Првенство за помлади кадети,кадети,јуниори и јуниори -21 год.

Екипата ја предводеа Никола Панчев-водач на пат, Ненад Петков-лекар, Алим Хајдерини-член на ИО, селекторите: Муарем Имери, Стојан Андриевски, Мирче Опелоски, Кирче Патраклиев и Петар Белистојаноски и помошник селекторот Арлинд Хусеини.

На Балканското првенство учествуваа Македонија, Грција, Албанија, Кипар, Бугарија, Романија и домаќинот Турција.

Македонската репрезентација освои 20 медали од кои 6 златни, 4 сребрени и 10 бронзени.

Резултати:

Јуниорската репрезентација на Македонија во борби настапи со 15 репрезентативци и освои 6 медали-2 златни,1 сребрена и 3 бронзени.

Во категорија +59 кг женски Дренуше Мерко заврши со еден пораз.

Во категорија -55 кг машки Емил Павлов со три победи го освои првото место.

Во категорија -61 кг машки Тодорче Гинчевски заврши со еден пораз.

Во категорија -68 кг машки Тодор Ристески заврши со еден пораз,Дејан Црничиќ заврши со два порази.

Во категорија -76 кг машки Берат Јакупи со три победи го освои првото место,Мартин Томовски заврши со еден пораз и го освои третото место.

Во категорија +76 кг машки Горан Василевски со една победа и еден пораз го освои второто место.

Во категорија -60 кг женски Наташа Стефановска со две победи и еден пораз го освои третото место,Велерда Селими заврши со два пораза.

Во категорија -68 кг машки Дејан Ристевски со една победа и еден пораз заврши на третото место,Ермал Шакири заврши со два пораза.

Во категорија -78 кг машки Стефан Андов заврши со една победа и два пораза,Ермал Шакири заврши со два пораза.

Во категорија +78 кг машки Мартин Несторовски заврши со еден пораз.

Кадетската репрезентација на Македонија во борби настапи со 13 репрезентативци и освои 4 медали-1 сребрена и 3 бронзени.

Во категорија -47 кг женски Сара Радичевска со две победи и еден пораз го освои третото место,а Симона Заборска заврши со една победа и два порази.

Во категорија -54 кг женски Теодора Бошкоска заврши со еден пораз.

Во категорија +54 кг женски Кристина Крстевска заврши со една победа и два порази,Славица Јованова заврши со еден пораз.

Во категорија -52 кг машки Дарко Ангелов заврши со еден пораз.

Во категорија -57 кг машки Николче Мирчески и Халид Османи завршија со еден пораз.

Во категорија -63 кг машки Бојан Јовановски со две победи и еден пораз го освои второто место,Филип Ѓурчиновски со две победи и еден пораз го освои третото место.

Во категорија -70 кг машки Мартин Петрески со една победа и еден пораз го освои третото место,Крсте Мишев заврши со еден пораз.

Во категорија +70 кг машки Даниел Тунев заврши со два пораза.

Помлади кадети:

Во категорија -47 кг машки Никола Димитриевиќ го освои златниот медал. Тој имаше 3 борби 3 победи, прва борба со Бугариа (11-3). Втора борба со Турчинот (2-0),трета борба Финале се сретна со Кристиан Вучковски (2-0).

Во категорија -47 кг машки Кристијан Вучковски го освои бронзениот медал. Тој имаше 3 борби 2 победи еден пораз. Прва борба со натпреварувач од Бугариа (4-3), втора Борба Со Турциа (3-2),Финале со пораз (0-2).

Во категорија -52 кг машки Орбин Динарица освои бронзен медал. Тој имаше две борби 1 победа 1 пораз, прва борба со натпреварувач од Кипар (6-1), втора борба пораз од Турција (3-5).

Во категорија -52 кг машки Екрем Хајдари освои сребрен медал. Тој имаше 3 борби 2 победи 1 порази,прва борба со натпреварувач од Бугариа (5-0), втора борба со Турција (4-1),трета борба со пораз од Турција (0-2).
Во категорија -57 кг машки Мартин Ристевски освои златен медал. Тој имаше 3 борби 3 победи, првата борба беше слободен, втора борба победа над натпреварувач од Турција (6-3). Во финале исто така победа на натпреварувач од Турција (8-0).
Во категорија -57 кг машки Виктор Крстевски освои сребрен медал. Тој имаше 1 борба 1 пораз ,изгуби (0-1).
Во категорија -63 кг машки Игор Таневски освои златен медал. Тој имаше 3 борби 3 победи ,прва борба со Романија (2-0), втора борба со Турција (2-0). Во финале победа на наатпреварувач од Турција (1-0).
Во категорија -63 кг машки Емануел Ристевски го освои бронзениот медал. Тој имаше 3 борби, прва слободна, втора борба победа на натпреварувач од Романија (4-1),трета борба со пораз од натпреварувач од Турција (4-5).
Во категоријата кати постигнати се следните резултати:
Сребрен медал освои ката тимот машки во состав: Јордан Неделков, Огнен Поповски и Никола Иловски.
Бронзени медали освоија: Елена Трајковска, ката тимот женски во состав: Пуликсенија Јовановска, Марија Матракоска и Тијана Колеска.

Во рамките на активностите за припрема на репрезентативните селекции македонските репрезентативци земаа учество и на меѓународните турнири: Гранд при на Хрватска кој се одржа на 10.01.2009 година и Словенија опен кој се одржа на 19.09.2009 година.

# 4. ДРЖАВНИ ПРОГРАМА

Во рамките на националната програма беа одржани следните активности:

## 4.1. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ

**Скопје, 15 март 2009 година**

Во спортската сала ’’Парк” во Скопје, на 15 март 2009 година, се одржа државното сениорско првенство во карате, со учество на 88 натпреварувачи од 22 клубови. Каратистите и каратистките се натпреваруваа во кати, екипно и поединечно, додека во борби имаше натпревари само поединечно, во машка и во женска конкуренција. Најмногу успех имаа натпреварувачите на КК ’’Металург” кои освоија вкупно 7 златни медали, еден повеќе од КК „Макпетрол“.

Во категоријата кати екипно, првото место го освои КК Металург во машка конкуренција, додека во женска конкуренција првото место го освои КК Ронин од Прилеп. Марко Секуловски од КК Металург и Зорица Спиркоска од КК ’’Ронин” од Прилеп ги освоија првите места во поединечна конкуренција.

Нови државни прваци кај сениорките се:
- 50 кг. Мери Ефремова ( КК “Макпетрол“)
- 55 кг. Наташа Илиевска ( КК “Макпетрол“)
- 61 кг. Ивана Филипоовска ( КК ’’Металург ’’)
- 68 кг. Елизабета Илиевска (КК “Макпетрол“)
+ 68 кг. Румена Балшооевска (КК “Тигар ’’).

Во машка конкуренција најдобри во пооделни категории се :
- 60 кг Томе Тордоровски (КК “Макпетрол“)
- 67 кг. Иво Цветковски (КК ’’Металург’’)
- 75 кг. Ване Гонев (КК ’’Металург“)
- 84 кг. Огнен Груевски (КК ’’Металург ’’)
+ 84 кг. Жарко Арсовски (КК “Макпетрол’’).

Во женска конкуренција екипно имаше само една пријавена екипа, па така златниот медал им припадна на претставничките на КК “Макпетрол“.

Резултати:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** | | | | Скопје |
| | | | | | | 15.03.2009 |
| | **ката сениорки** | | | | **ката сениори** | |
| 1 | Зорица Спиркоска | Ронин - Прилеп | | 1 | Марко Секуловски | Металург - Скопје |
| 2 | Сања Николиќ | Металург - Скопје | | 2 | Дино Шкоф | Металург - Скопје |
| 3 | Верица Трајковска | Ронин - Прилеп | | 3 | Дејан Милошевски | Металург - Скопје |
| 4 | Ивана Ангелеска | Металург - Скопје | | 4 | Кирил Стојаноски | Ронин - Прилеп |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 1 | Мери Ефремова | Макпетрол - Скопје | | 1 | Томе Тодоровски | Макпетрол - Скопје |
| 2 | Мери Радичевска | Макпетрол - Скопје | | 2 | Миљан Рилак | Македонка - Штип |
| 3 | Јулијана Аризанкоска | Бонсаи - Прилеп | | 3 | Ангел Спасовски | Металург - Скопје |
| 4 | Везира Тотиќ | Чоле - Охрид | | 4 | Африм Биљали | Шогун - Скопје |
| | **кумите сениорки -55 кг** | | | | **кумите сениори -67 кг** | |
| 1 | Наташа Илиевска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Иво Цветковски | Металург - Скопје |
| 2 | Верица Трајковска | Ронин - Прилеп | | 2 | Дејан Ристевски | Металург - Скопје |
| 3 | Ана Марија Несторовска | Макпетрол - Скопје | | 3 | Богдан Мицов | Макпетрол - Скопје |
| 4 | Симона Трајаноска | Чоле - Охрид | | 4 | Атанас Марковски | Тигар - Скопје |
| | **кумите сениорки -61 кг** | | | | **кумите сениори -75 кг** | |
| 1 | Ивона Филиповска | Металург - Скопје | | 1 | Ване Гонев | Металург - Скопје |
| 2 | Наташа Стефановска | Макпетрол - Скопје | | 2 | Ферат Корбулиќи | Металург - Скопје |
| 3 | Зорица Спиркоска | Ронин - Прилеп | | 3 | Александар Постолов | Партизан - Штип |
| 4 | Велерда Селими | Кендо - Велешта | | 4 | Сашко Патраклиев | Макпетрол - Скопје |
| | **кумите сениорки -68 кг** | | | | **кумите сениори -84 кг** | |
| 1 | Елизабета Илиевска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Огнен Груевски | Металург - Скопје |
| 2 | | | | 2 | Сашко Арсовски | Макпетрол - Скопје |
| 3 | | | | 3 | Бобан Србиновски | Макпетрол - Скопје |
| 4 | | | | 4 | Амир Беговиќ | Металург - Скопје |
| | **кумите сениорки +68 кг** | | | | **кумите сениори +84 кг** | |
| 1 | Румена Балшевска | Тигар - Скопје | | 1 | Жарко Арсовски | Макпетрол - Скопје |
| 2 | | | | 2 | Сашо Србиновски | Макпетрол - Скопје |
| 3 | | | | 3 | Мартин Несторовски | Металург - Скопје |
| 4 | | | | 4 | Далибор Јовановски | Самурај - Скопје |
| | | | | | | |
| | **ката тим сениори** | | | | **кумите тим сениорки** | |
| 1 | Металург - Скопје | | | 1 | Макпетрол - Скопје | |
| 2 | Самурај - Скопје | | | 2 | | |
| 3 | Ронин - Прилеп | | | 3 | | |
| 4 | | | | 4 | | |
| | **ката тим сениорки** | | | | | |
| 1 | Металург - Скопје | | | | | |
| 2 | Ронин - Прилеп | | | | | |
| 3 | Самурај - Скопје | | | | | |
| 4 | Солидарност - Скопје | | | | | |

## 4.2. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА ПОМЛАДИ КАДЕТИ; КАДЕТИ; ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА

**Кавадарци, 26 април 2009 година**

На 26 април 2009 година, во спортската сала "Јасмин " во Кавадарци се одржа државното првенство во карате за помлади кадети, кадети и за јуниори. На ова масовно натпреварување учествуваа вкупно 307 каратисти од 51 клубови од Македонија, и тоа 96 – мина се натпреваруваа во кати, а 260 во кумите. Според бројот на освоени медали, најуспешни се каратистите на КК Металург од Скопје со 19 медали, од кои 8 се златни, 6 сребрени и 5 бронзени. Зад нив е КК "Ронин " од Прилеп со 15 трофеи, од кои 4 златни 6 сребрени и 5 бронзени, а трет е КК "Макпетрол" од Скопје со по 4 златни и сребрени, и 5 бронзени медали. Каратистите од ''Металург"доминираа во кумите индивидуално, каде што се истакнаа и претставниците на "Макпетрол" додека оние од на "Ронин" беа најдобри во кати индивидуално и во екипните настапи. Според резултатите, зад водечкото трио клубови се КК "Форца "Скопје, КК "Спорт 94" од Прилеп, КК "Јошитака" КК "Шогун" КК ''Фунакоши Гичин" итн. Успешен организатор на првенството беше КК "Тиквеш" од Кавадарци, во соработка со Карате Федерацијата на Македонија. Радува податокот што вкупно 25 клубови имаат најмалку по едно злато, а 42 клуба се закитија барем со еден медал, што покажува дека во земјава има се повеќе карате центри, кои му обрнуваат се поголемо внимание на овој спорт, особено во работата со младите категории. Во продолжение е комплетната листа на освојувачи:

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Државно првенство** | | | | Кавадарци |
| | | **помлади кадети, кадети, јуниори и јуниори до 21 г.** | | | | **26.04.2009** |
| | | | | | | |
| | **ката помлади кадетки** | | | | **ката помлади кадети** | |
| 1 | Ива Николова | Тигар - Скопје | | 1 | Васил Бешлиев | Фунакоши Гичин - Скопје |
| 2 | Симона Ангиева | Ронин - Прилеп | | 2 | Мартин Стоименов | Партизан - Кочани |
| 3 | Маја Војдиновска | Гладијатор - Велес | | 3 | Мартин Ристовски | Вардар - Скопје |
| 3 | Катерина Николоска | Лукас - Прилеп | | 3 | Игор Таневски | Фунакоши Гичин - Скопје |
| | **ката кадетки** | | | | **ката кадети** | |
| 1 | Марија Матракоска | Ронин - Прилеп | | 1 | Давид Јовевски | Јошитака - Скопје |
| 2 | Рајне Наумова | Ронин - Прилеп | | 2 | Ристо Наумов | Ронин - Прилеп |
| 3 | Анастасија Ивановска | Тигар - Скопје | | 3 | Стефан Цветановски | Солидарност - Скопје |
| 3 | Нина Ѓорѓевиќ | Јошитака - Скопје | | 3 | Горан Николовски | Солидарност - Скопје |
| | **ката јуниорки** | | | | **ката јуниори** | |
| 1 | Елена Трајковска | Металург - Скопје | | 1 | Даниел Петкоски | Ронин - Прилеп |
| 2 | Наталина Синдилиева | Металург - Скопје | | 2 | Кирил Стојаноски | Ронин - Прилеп |
| 3 | Поликсенија Јованоска | Ронин - Прилеп | | 3 | Никола Иловски | Металург - Скопје |
| 3 | Тијана Колеска | Ронин - Прилеп | | 3 | Јордан Неделков | Металург - Скопје |
| | **помлади кадетки -45 кг.** | | | | **помлади кадети -47 кг.** | |
| 1 | Ивана Ичевска | Ботони - Скопје | | 1 | Кристијан Вучковски | Кеикс - Скопје |
| 2 | Снежана Ристова | Тиквеш - Кавадарци | | 2 | Ветон Јашари | Башкими 2002 - Куманово |
| 3 | | | | 3 | Александар Босилков | Астибо - Штип |
| 3 | | | | 3 | Димитар Димоски | Ринија - Кичево |
| | **помлади кадетки -50 кг.** | | | | **помлади кадети -52 кг.** | |
| 1 | Фатјона Аљиу | Арена - Струга | | 1 | Орбин Динарица | Форца - Скопје |
| 2 | Софија Веселиновска | Макпетрол - Скопје | | 2 | Горјан Станковски | Кеикс - Скопје |
| 3 | Тамара Доневска | Партизан - Штип | | 3 | Мартин Стоименов | Партизан - Кочани |
| 3 | | | | 3 | Азиз Исмаил | Металург - Скопје |
| | **помлади кадетки +50 кг.** | | | | **помлади кадети -57 кг.** | |
| 1 | Драгана Тодорова | Металург - Скопје | | 1 | Виктор Крстевски | Металург - Скопје |
| 2 | Михаела Петреска | Лукас - Прилеп | | 2 | Беким Коџаџику | Кендо - Велешта |
| 3 | Ајше Усеини | Фати - Гостивар | | 3 | Мартин Ристовски | Вардар - Скопје |
| 3 | Сандра Нешкоска | Лукас - Прилеп | | 3 | Борислав Стојковски | Шампион - Крива Паланка |
| | **кадетки -47 кг.** | | | | **помлади кадети -63 кг.** | |
| 1 | Симона Заборска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Игор Таневски | Фунакоши Гичин - Скопје |
| 2 | Сара Радичевска | Макпетрол - Скопје | | 2 | Емануел Ристевски | Макпетрол - Скопје |
| 3 | Ханифе Сељами | Форца - Скопје | | 3 | | |
| 3 | Лорета Митева | Македонка - Штип | | 3 | | |
| | **кадетки -54 кг.** | | | | **помлади кадети +63 кг.** | |
| 1 | Теодора Бошкоска | Спорт 94 - Прилеп | | 1 | Флорим Мисини | Башкими 2002 - Куманово |
| 2 | Марија Матракоска | Ронин - Прилеп | | 2 | Иван Дурдубаков | Астибо - Штип |
| 3 | Беса Љеши | Дрини - Струга | | 3 | | |
| 3 | Александра Ѓорѓиева | Партизан - Штип | | 3 | | |

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **кадетки +54 кг.** | | | | **кадети -52 кг.** | |
| 1 | Кристина Крстевска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Дарко Ангелов | Ботони - Скопје |
| 2 | Ангела Николоска | Спорт 94 - Прилеп | | 2 | Шабан Муртиши | Дрини - Струга |
| 3 | Моника Велинова | Партизан - Штип | | 3 | Дритон Идризи | Форца - Скопје |
| 3 | Ивона Стојановска | Ронин - Прилеп | | 3 | Никола Димитров | Штип - Штип |
| | **јуниорки -48 кг.** | | | | **кадети -57 кг.** | |
| 1 | Аделина Металари | Форца - Скопје | | 1 | Халит Османи | Форца - Скопје |
| 2 | Симона Златева | Партизан - Штип | | 2 | Методи Христов | Астибо - Штип |
| 3 | | | | 3 | Кренар Асани | Скардуси - Тетово |
| 3 | | | | 3 | Мухамед Папиќ | Кеикс - Скопје |
| | **јуниорки -53 кг.** | | | | **кадети -63 кг.** | |
| 1 | Стефанија Златева | Партизан - Штип | | 1 | Бојан Јовановски | Металург - Скопје |
| 2 | Дрилона Бичаку | Арена - Струга | | 2 | Филип Ѓурчиновски | Металург - Скопје |
| 3 | Елмедина Динарица | Форца - Скопје | | 3 | Ангел Гоговски | Македонка - Штип |
| 3 | Ангела Јанчевска | Металург - Скопје | | 3 | | |
| | **јуниорки -59 кг.** | | | | **кадети -70 кг.** | |
| 1 | Наталина Синдилиева | Металург - Скопје | | 1 | Давид Јовевски | Јошитака - Скопје |
| 2 | Исидора Јотевска | Акебоно - Скопје | | 2 | Крсте Мишев | Металург - Скопје |
| 3 | Марија Теодосиева | Макпетрол - Скопје | | 3 | Михаил Димоски | Нике - Скопје |
| 3 | Памела Стојанова | Партизан - Штип | | 3 | Кристијан Цветковски | Макпетрол - Скопје |
| | **јуниорки +59 кг.** | | | | **кадети +70 кг.** | |
| 1 | Дренуше Мерко | Дрини - Струга | | 1 | Мартин Петрески | Спорт 94 - Прилеп |
| 2 | Рејхан Идризи | Форца - Скопје | | 2 | Даниел Тунев | Македонка - Штип |
| 3 | Ирена Николоска | Спорт 94 - Прилеп | | 3 | Христијан Мургоски | Спорт 94 - Прилеп |
| 3 | Катерина Андреска | Ронин - Прилеп | | 3 | Здравко Ѓорѓиев | Македонка - Штип |
| | **јуниорки до 21 година -53 кг.** | | | | **јуниори -55 кг.** | |
| 1 | Мери Радичевска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Сашко Ефремов | Македонка - Штип |
| 2 | Кристина Јовановска | Металург - Скопје | | 2 | Абдулхаким Аљији | Форца - Скопје |
| 3 | Везира Тотиќ | Чоле - Охрид | | 3 | Бурим Гафури | Камиказе - Тетово |
| 3 | Ивана Бошковска | Тигар - Скопје | | 3 | Емил Павлов | Штип - Штип |
| | **јуниорки до 21 година -60 кг.** | | | | **јуниори -61 кг.** | |
| 1 | Велерда Селими | Кендо - Велешта | | 1 | Љаурент Лимани | Шогун - Скопје |
| 2 | Верица Трајковска | Ронин - Прилеп | | 2 | Тодорче Гинчевски | Цветан Димов - Скопје |
| 3 | Симона Трајаноска | Чоле - Охрид | | 3 | Ико Ташев | Металург - Скопје |
| 3 | Наташа Стефановска | Макпетрол - Скопје | | 3 | Ваљон Алили | Башкими 2002 - Куманово |
| | **јуниорки до 21 година +60 кг.** | | | | **јуниори -68 кг.** | |
| 1 | Моника Стефановска | Макпетрол - Скопје | | 1 | Дејан Црничиќ | Цветан Димов - Скопје |
| 2 | Румена Балшевска | Тигар - Скопје | | 2 | Енес Смаилагиќ | Цветан Димов - Скопје |
| 3 | Зорица Спиркоска | Ронин - Прилеп | | 3 | Омер Демири | Шогун - Скопје |
| 3 | Марија Јованова | Македонка - Штип | | 3 | Али Неџипи | Шогун - Скопје |
| | **ката тим женски** | | | | **јуниори -76 кг.** | |
| 1 | Кирил Стојаноски | Ронин - Прилеп | | 1 | Берат Јакупи | Фати - Гостивар |
| 2 | Стојан Тасевски | Металург - Скопје | | 2 | Филип Китаноски | Спорт 94 - Прилеп |
| 3 | Ангела Гиговска | Јошитака - Скопје | | 3 | Мергим Џемаили | Башкими 2002 - Куманово |
| 3 | Благоја Трајчевски | Самурај - Скопје | | 3 | Мартин Томовски | Макпетрол - Скопје |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ката тим машки** | | | | **јуниори +76 кг.** | |
| 1 | Даниел Петкоски | Ронин - Прилеп | | 1 | Горан Василевски | Металург - Скопје |
| 2 | Мартин Несторовски | Металург - Скопје | | 2 | Газменд Мисини | Башкими 2002 - Куманово |
| 3 | Нина Ѓорѓевиќ | Јошитака - Скопје | | 3 | Улбер Реџепи | Скардуси - Тетово |
| 3 | Стефан Цветановски | Солидарност - Скопје | | 3 | Горан Иванов | Штип - Штип |
| | **јуниори до 21 година +78 кг.** | | | | **јуниори до 21 година -68 кг.** | |
| 1 | Мартин Несторовски | Металург - Скопје | | 1 | Африм Биљали | Шогун - Скопје |
| 2 | Спасе Илиевски | Макпетрол - Скопје | | 2 | Атанас Марковски | Тигар - Скопје |
| 3 | Александар Филиповски | Тигар - Скопје | | 3 | Ермал Шаќири | Камиказе - Тетово |
| 3 | Бунјамин Ислами | Теута - Куманово | | 3 | Стефан Андов | Македонка - Штип |
| | | | | | **јуниори до 21 година -78 кг.** | |
| | | | | 1 | Стојан Тасевски | Металург - Скопје |
| | | | | 2 | Ресул Капллани | Дрини - Струга |
| | | | | 3 | Александар Јаневски | Макпетрол - Скопје |
| | | | | 3 | Адриатик Азизи | Фати - Гостивар |

## 4.3. КАРАТЕ ПРВЕНСТВО ЗА ДЕЦА

Во рамките на националната програма КФМ организираше и два турнира за деца од 10 до 12 години во:

Велес на 06 и 07. 06.2009 година

Скопје на 31.10 и 01.11.2009 година

Учеството беше без котизација и со награда за сите натпреварувачи кои освоија прво место – хомологизирано кимоно согласно прописите на WKF и EKF. Беа доделени 76 кимона. Оваа награда ја обезбеди претседателот Драган Стојановски од сопствени средства. Подолу се дадени постигнатите резултати.

**Велес, 06 и 07 јуни 2009 година**

Каратистите на КК “Ронин” од Прилеп доминираа на државното првенство за деца кое се одржа во Велес. Тие освоија вкупно 15 медали, од кои по 6 златни и 3 сребрени и 6 бронзени.

Зад нив според првите места се каратистите на КК “Макпетрол’’ од Скопје, со 5 златни, 2 сребрени и 7 бронзени.

На турнирот се истакнаа и КК “Ботони” од Скопје со 7 трофеи, од кои 4 златни 2 сребрени, и 1 бронзен, потоа членовите на КК “Спорт 94’’ од Прилеп со ефект од по 3 златни и 2 сребрени и 4 бронзи.

На првенството учествуваа вкупно 47 клубови, со 299 натпреварувачи.

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Резултати:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Карате првенство за деца** | | | | **Велес** |
| | | **во борби и кати** | | | | **06-07.06.2009** |
| | **ката женски 1996** | | | | **ката машки 1996** | |
| 1 | Николина Матракоска | Ронин - Прилеп | | 1 | Васил Бешлиев | Фунакоши Гичин - Скопје |
| 2 | Кристина Столевска | Металург - Скопје | | 2 | Димитар Димоски | Ринија - Кичево |
| 3 | Симона Ангиева | Ронин - Прилеп | | 3 | Леутрим Абдиу | Ринија - Кичево |
| 4 | Сандра Нешковска | Лукас - Прилеп | | 4 | Мартин Стојменов | Партизан - Кочани |
| | **ката женски 1997** | | | | **ката машки 1997** | |
| 1 | Марија Зероска | Ронин - Прилеп | | 1 | Ферри Исиќ | Вардар - Скопје |
| 2 | Ивона Стојковска | Шампион - Крива Паланка | | 2 | Бојан Димески | Ронин - Прилеп |
| 3 | Флорина Цингова | Металург - Скопје | | 3 | Александар Стојаноски | Бонсаи - Прилеп |
| 4 | Искра Каракашоска | Ронин - Прилеп | | 4 | Филип Карафилоски | Фунакоши Гичин - Скопје |
| | **ката женски 1998** | | | | **ката машки 1998** | |
| 1 | Мишела Димоска | Ронин - Прилеп | | 1 | Глигор Станоев | Вардар - Скопје |
| 2 | Сара Крстевска | Металург - Скопје | | 2 | Андреј Петревски | Маваши - Скопје |
| 3 | Маријана Димоска | Ронин - Прилеп | | 3 | Ајдин Ајдини | Солидарност - Скопје |
| 4 | Мартина Маркоска | Ронин - Прилеп | | 4 | Мартин Ѓорѓиоски | Солидарност - Скопје |
| | **ката женски 1999** | | | | **ката машки 1999** | |
| 1 | Ана Савиќ | Тигар - Скопје | | 1 | Реџеп Мустафовски | Гив - Скопје |
| 2 | Теодора Цветковска | Ринија - Кичево | | 2 | Иван Стаменковски | Солидарност - Скопје |
| 3 | Ивана Павловска | Тигар - Скопје | | 3 | Абдулфета Салифоски | Ринија - Кичево |
| 4 | Анастасија Матеска | Лукас - Прилеп | | 4 | Дамјан Кузмановски | Солидарност - Скопје |
| | **ката женски 2000** | | | | **ката машки 2000** | |
| 1 | Лина Димеска | Ронин - Прилеп | | 1 | Давид Цветкоски | Лукас - Прилеп |
| 2 | Сања Цветкоска | Ронин - Прилеп | | 2 | Звонко Николоски | Лукас - Прилеп |
